


# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ДЕБАТИТЕ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ




# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД ДЕБАТИТЕ ЗА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

Издавач:
Фондација за развој на локалната заедница Штип

За издавачот:
Невенка Лонгурова Гирова

Автори:
Невенка Лонгурова Гирова, Виолета Ничева, Борис Шарковски

Дизајн и печатење: Мотив плус

Тираж: 300

Брошурата „Заклучоци и препораки од дебатите за Законот за здруженија и фондации“ е издадена во рамките на проектот Отворен дијалог за Законот за здруженија и фондации, кој е финансиски поддржан од Европската Унија.

Брошурата содржи согледувања на 225 претставници на здруженија и фондации кои ги дадоа своите размислувања во насока на што поуспешна имплементација на овој закон преку нивното учество на организираните 18 дебати во Штип, Струмица, Тетово, Гевгелија, Струга, Кочани, Дебар, Радовиш, Кичево, Гостивар, Кавадарци, Делчево, Валандово, Свети Николе, Берово, Куманово, Неготино и Охрид.

Целта на брошурата е да претставува основа која ќе им помогне на соодветните институци во подготовката на позаконските акти кои ја операционализираат имплементацијата на овој закон.

## Краток осврт на Законот за здруженија и фондации

Законот за здруженија и фондации е донесен на 16.04.2010, стапи на сила на 24 април 2010 година, освен одредбите кои се однесуваат на организации со статус од јавен интерес кои стапија на сила шест месеци по донесувањето на законот. Со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Во законот се дефинирани правото на здружување, здружување на организации, стекнување својство на правно лице (правен субјективитет), основните начела, регистрите, како и престанокот и бришењето на организациите. Во однос на средства за работа на организациите, Законот ги регулира изворите на финансирање на организациите; употреба на средствата; одговорност за обврските; одговорност за штета; извештаи за работа; располагање со средствата во случај на престанок; пренесување на средствата во случај на забрана за работа.

Новина во законот е воведување на организации со статус од јавен интерес. Постојат различни примери за ваквите организации во земјите од регионот. На пример Хрватска има посебен закон за организации од јавен интерес.

Законот го регулира: поимот на статус на јавен интерес; дејности од јавен интерес; критериуми за јавен интерес, стекнување и престанок на статусот и посебно разликата помеѓу организациите кои имаат статус од јавен интерес и оние кои немаат ваков статус. Орган кој е надлежен за организациите со статус од јавен интерес е Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Комисијата ја формира Владата. Комисијата е составена од претседател и десет члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници на организации регистрирани во согласност со овој закон. Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година, како и да спроведат ревизија на своето финансиско работење. Организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и царинските олеснувања имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон, но вакви олеснувања во сферата на економските закони сеуште нема, што значи дека ги нема ниту дополнителните олеснувања предвидени за организации од јавен интерес.

На организациите може да им се довери вршење на јавно овластување, со пренесување на надлежности од орган на државна управа, од орган на општините, градот Скопје и други органи кои имаат јавни овластувања. Јавното овластување се доверува врз основа на програма на организацијата на начин и постапка за доверување на вршењето на јавното овластување, по објавен јавен повик во средствата за јавно информирање. Критериумите, начинот и постапката на доверување на вршењето на јавното овластување се утврдуваат со закон од соодветната област (здравство, социјала, неформално образование и сл.). На организациите може да им биде одземено вршењето на јавното овластување, поради злоупотреба или невршење на довереното овластување на начин и во постапка утврдени со закон.

## Заклучоци и препораки произлезени од дебатите

Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип во партнерство со Центар за оддржлив развој – „Порта“ - Струмица, Регионален центар за оддржлив развој – Гевгелија, Центар за развој на заедницата – Кичево и Центар за оддржлив развој на заедницата – Дебар, во рамките на проектот „Отворен дијалог за Законот за здруженија и фондации“, реализираа јавни дебати во 18 општини во државата.
Јавните настани на кои се презентираше Законот за здруженија и фондации и се дискутираше за истиот, се реализираа во Штип, Струмица, Тетово, Гевгелија, Струга, Кочани, Дебар, Радовиш, Кичево, Гостивар, Кавадарци, Делчево, Валандово, Свети Николе, Берово, Куманово, Неготино и Охрид. На дебатите учествуваа 225 претставници на здруженија, фондации, локални институции, медиуми и заинтересирани граѓани од наведените и околните општини во државата. Освен дискусијата за новините од Законот за здруженија и фондации, на дебатите се дискутираше и за останати прашања кои ги засегаа претставниците на здруженијата и фондациите како што е финансирањето на организациите, плаќањето на радиодифузната такса, обврската за доставување на електронска пошта за сите организации до Централниот регистар, подготовка на програма за спречување тероризам и перење пари и друго.

**Заклучоци:**

- Законот за здруженија и фондации ги задоволува основните постулати на Европското законодавство.
- Подзаконските акти за операционализација на Законот за здруженија и фондации сеуште не се донесени.
- Законот за здруженија и фондации не е усогласен со останатите закони во државата.
- Некоординираност на регионалните регистрациони канцеларии на Централниот Регистар и недоволно обучен кадар за реализирање на процесот на пререгистрација на здруженијата и фондациите.
- Регионалните регистрациони канцеларии на Централниот Регистар не се доволно запознати со процесот на пререгистрација на здруженијата и фондациите, односно во одделни регионални регистрациони канцеларии на Централниот Регистар се бараат различни документи за пререгистрација на здруженија и фондации.
- Во почетокот на процесот на пререгистрација на организациите, Централниот Регистар не беше запознат како ќе се пререгистрираат фондациите, односно дали е потребно да се прикажат 10 000 евра основачки влог, или тоа се однесува само на новите фондации кои ќе се регистрираат според новиот Закон за здруженија и фондации.
- Здруженијата не се доволно информирани за процесот на пререгистрација од страна на државните институции, особено за потребните документи за пререгистрацијата и регистрацијата на здруженијата и фондациите; усогласувањата и промените во документите за пререгистрација на здруженијата и фондациите; начинот на пререгистрација на Сојузи и организации со подружници во други општини.
- Иако законот наведува дека процесот на пререгистрација е бесплатен доколку се работи за усогласување на актите, одделни регионални регистрациони канцеларии на Централниот Регистар бараа од организациите да платат за усогласувањата на актите за пререгистрација.

- Регионалните регистрациони канцеларии на Централниот Регистар самостојно дефинираа различни тарифи за наплата во процесот на пререгистрација на здруженијата и фондациите, поради што организациите се пререгистрираат во други општини каде се бара помалку финансии или воопшто не се наплаќа за пререгистрација.
- Одделни регионални регистрациони канцеларии на Централниот Регистар во решенијата за пререгистрација на организациите ја заменуваат датата на регистрација на организацијата со датата на пререгистрација на организацијата.
- Иако во законот е наведено дека терминот „здружение" или термин со исто или слично значење може да биде наведено во називот на здруженијата и фондации, одделни регионалните регистрациони канцеларии на Централниот Регистар самостојно инсистира само терминот „здружение" да биде задолжително неведен во називот на здружението.
- Во одделни општини барањето за употреба на името на општината во називот на организациите, на организациите им е наложено да ги поднесуваат до Советот на општината, наместо до Градоначаланикот на општината.
- Организациите со статус од јавен интерес се регулирани со законот за здруженија и фондации, што е добро решение.
- Законот неоправдано ги исклучува организациите со мали буџети како соодветни за аплицирање за добување статус на организација од јавен интерес. Ако се направи анализа на буџетите на организациите ќе се види дека огромен број од вкупно регистрираните располагаат со буџети под оваа сума, што ги прави неподобни за да бидат организации од јавен интерес. Исто така неоправдано се исклучуваат организациите кои се активистички ориентирани (на пример младинските и еколошките) и голем дел од приходите ги остваруваат со донации во добра и со волонтерска работа. Никако не е јасна интенцијата на законодавецот да ја „врзува" висината на средства со кои располага организацијата со јавниот интерес кој би требало да го имаат.
- Еден од критериумите за добивање на статус на организација од јавен интерес е организацијата да има структура и капацитети за да обавува дејност од јавен интерес. Последниве две се растеглива категорија и оставаат сомнеж за тоа како може да се измерат капацитетите на една организација на начин кој гарантира еднакви можности за сите организации. Овој дел од законот остава можност за манипулација при изборот на организации од јавен интерес.
- Иако законот дефинира Комисијата за организации со статус од јавен интерес да се формира во рок од три месеци од денот на влегувањето на сила на Законот за здруженија и фондации, Комисијата за организациите со статус од јавен интерес се уште не е формирана (август 2011).
- Поради неусогласеност на законот со законите од т.н „економска сфера" организациите немаат конкретни информации кои би биле бенефициите за организациите кои би го добиле статусот на организации од јавен интерес.
- Поради доцнењето со формирањето на Комисијата за организации од јавен интерес, во моментов има парадоксална ситуација, кога според законот имате право да побарате статус на организација од јавен интерес, но во праксата тоа е невозможно да го добиете.
- Сите организации кои имаат добиено статус на организации од јавен интерес значи дека, без разлика дали користеле средства од органи и институции на државата, општините и Град Скопје, се должни да поднесуваат извештај до Владата. Ова е можеби единствен пример на обврска финансиски и наративно да се известува кон орган кој не учествува на никаков начин во финасирањето и

одлучувањето за одредени активности. На пр. ако во текот на годината добиете средства само од странски донатори, без оглед на тоа ќе морате за начинот на кој се потрошени да ја известите Владата.

- Во целиот дел од законот кој се однесува на организации од јавен интерес, видлива е интенцијата на законодавецот да ги контролира условите и практичното работење на ваквите организации. Уште од поставувањето на растегливите услови за добивање на статусот, па преку поднесувањето на извештаите и ревизијата, јасна е интенцијата да се контролира и евентуално да се манипулира со ваквите организации.
- Недоволно информации за работата на организациите кои ќе реализираат економски активности (Дали ќе постои ограничување на износот од прометот? Како ќе се одданочува прометот? Дали организациите ќе бидат обврзани да издаваат фискални сметки? Како ќе се регулира работниот однос во организациите кои ќе реализираат економски активности?).
- Во документот – Тековна состојба на здруженијата, во правниот субјективитет стои – недефинирана сопственост-. Поради ова, некои здруженија не можат да приватизираат имот (земјиште). Комисијата за приватизација го одбива барањето за приватизација на земјиште поради недефинираната сопственост на здружението.
- Постои недореченост во Законот во однос на тоа што ќе се случи со организациите кои нема да се пререгистрираат согласно овој закон до предвидениот рок. Од Министерството за правда имаше амандман овие организации да се бришат од регистарот, но поради предвремените избори во јуни, аманднманот не дојде на дневен ред во Собранието и ова прашање остана да виси. Правниот вакуум го користи Централниот регистар кој сеуште врши пререгистрација и по истекот на рокот, за што наплаќа одреден износ како „казна“.
- Целиот процес на пререгистрација помина во различни толкувања на законот од страна на сите вклучени, па дури и од иста институција.



**Препораки:**

- Воспоставување на механизам за ефективна соработка и координација помеѓу институциите (Централен регистар, Агенција за вработување, Управа за јавни приходи и др).
- Во најбрз можен рок да се формира Комисијата за организации со статус од јавен интерес.
- Во Комисијата за организации од јавен интерес да бидат назначени лица кои се задолжени за соработка со граѓанскиот сектор како претставници од министерствата.
- Подзаконските акти на Законот за здруженија и фондации да се донесат во најбрз можен рок.
- Надлежните институции да развијат методологија на дистрибуција на информации за искористување на можностите кои произлегуваат од Законот за здруженија и фондации.
- Да се дефинира што ќе се случува со организациите кои не се пререгистрирале според новиот Закон за здруженија и фондации.
- Во најбрз можен рок Законот за здруженија и фондации да се усогласи со останатите закони.
- Детално да се дефинира начинот на кој ќе се остваруваат економските активности на организациите.
- Препорака е приходот стекнат од остварување на економски активности да не се оданочува.
- Организациите да немаат обврска да издаваат фискални сметки туку само да го документират приходот и да го пријават во УЈП.
- Здруженијата кои остваруваат економски активности да не се обврзани да имаат задолжително вработено најмалку едно лице.
- Да се поттикне трансферирањето на надлежности од јавните институции на здруженија кои имаат капацитет, ресурси и знаење како најдобро да делуваат во соодветните области.
- Потребна е поголема транспарентност во дефинирањето на критериумите за доделување средства од страна на државата.
- Потреба од измена и дополнување на Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт, поради тоа што не е регулирано на кој начин ќе се пререгистрираат аматерските спортски клубови во ситуации кога преминуваат од надлежност на Законот за здруженија и фондации под Законот за спорт и обратно.

## Најчесто поставувани прашања и одговори:

**П: Кој е крајниот рок за пререгистрација на здруженијата и фондациите?**
О: Законскиот рок за пререгистрација на здруженијата и фондациите според новиот Закон за здруженија и фондации е 24 април 2011 година.

**П: Што ќе се случува со организациите кои не се пререгистрирале во дадениот законски рок за пререгистрација на здруженијата и фондациите?**
О: Според информација од Централниот Регистар, по истекувањето на законскиот рок за пререгистрација на здруженијата, останатите здруженија кои не се пререгистрирале ќе плаќаат за пререгистрацијата.

**П: Под која шифра се регистрираат организациите?**
О: Во зависност од целите и мисијата на организацијата, но најчесто, според Националната класификација на дејности, здруженијата се регистрираат под шифрата 94,99, организации базирани на членство.

**П: Кои се промените за кои се бараат финансии за пререгистрација според Законот за здруженија и фондации?**
О: Промени за кои се наплаќа во процесот на пререгистрација се промена на адреса на организацијата, нов Статут на организацијата, промена на застапник, додавање на нов орган на управување и сл.

**П: Колку се наплаќа за промена во документите во процесот на пререгистрација на здружение според ценовникот на Централен регистар?**
О: Тарифата за пререгистрација на здруженија кои имаат промена според Централниот регистар изнесува 1 603,00 мкд и секоја дополнителна промена се наплаќа по 200,00 мкд.

**П: Дали називот на здруженијата мора да биде преведен на англиски и албански јазик?**
О: Законот не налага називот на здружението да биде преведен на англиски и албански јазик.

**П: Дали во процесот на пререгистрација на здружение сите членови потпишуваат изјава заверена кај нотар?**
О: Само застапникот на здружението, според член 42 од Законот, дава изјава под морална, материјална и кривична одговорност кај нотар, дека информациите содржани во документите за пререгистрација на здружението се вистинити.

**П: Дали блокираната сметка на организацијата е пречка за пререгистрација на организацијата?**
О: Блокираната сметка на здружението не претставува пречка за пререгистрација на здруженијата и фондациите.

**П: Дали се менува банкарската сметка на здружението при пререгистрацијата?**
О: Во процесот на пререгистрација не се менува банкарската сметка, матичниот број и даночниот број на здружението.

**П: Како се ликвидираат здруженијата?**

О: Според Законот за здруженија и фондации ликвидација на организација се спроведува кога организацијата има доволно финансиски средства за покривање на своите обврски, а е донесена одлука (акт) за престанок на постоење од органот определен со статутот или суд. За прашањата за постапка на ликвидација кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат прашања за ликвидација на трговски друштва. Доколку здружението нема обврски постапката за ликвидација е итна.



**П: Кои бенефиции би ги имале организациите со статус на јавен интерес (наведени даночни и царински олеснувања во ЗЗФ)?**

О: Поради неусогласеност на Законот за здруженија и фондации со другите закони, бенефициите сеуште не се дефинирани. Засега постојат само обврски (објавување на извештаите за работа, доставување на извештаите до Влада и спроведување надворешна ревизија за организации со одредени буџети).

**П: Дали организациите кои планираат да реализираат економски активности треба тоа да го наведат во Статутот на организацијата?**

О: Сите организациите кои планираат да реализираат економски активности според Законот за здруженија и фондации, мора да наведат во Статутот на организацијата. При реализирање на економски активности во здружението, средствата мора да се вратат во здружението и да се искористат за реализирање на активности за постигнување на целите на здружението.

**П: Што ако некој член на организацијата не сака да ги достави своите лични податоци во Регистарот на членови?**

О: Доколку некој член не сака да ги достави личните податоци во Регистарот на членови може да се повика на Законот за заштита на лични податоци, со што треба да потпише изјава заверена кај нотар.

**П: Како влијае Законот за здруженија и фондации врз финансирањето на здруженијата?**

О: Законот предвидува можност за реализирање на економски активности, го регулира начинот на финансирање на организациите со статус на јавен интерес и јавните овластувања.

**П: Дали здруженијата треба да достават електронска пошта на здружението до Централниот регистар?**

О: Сите правни субјекти, каде што спаѓаат и здруженијата и фондациите мора да достават електронска пошта до Централниот реигстар.

**П: Каде се доставува програмата за спречување тероризам и перење пари?**

О: Програмата се доставува до Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам, при Министерството за финансии. По доставувањето на програмата, Управата треба да ви достави документ со одобрување на програмата и истата, доколу има потреба се ажурира на крајот на секоја година.

**П: По кој основ може да се побараат средства од национални и локални институции?**

О: Организациите може да побараат средства од националните и локалните институции по основ на јавен повик од страна на институциите, барање за финансирање на проектни активности или други средства. Средствата од буџетот се доделуваат врз основа на јавен повик, а Локалните самопурави имаат посебна буџетска ставка за трансфер до здруженија, и секоја општина различно менаџира со средствата.

**П: Дали здруженијата и фондациите треба да ја плаќаат радиодифузната такса?**

О: Според автентичното толкување на Законот за радиодифузна дејност, непрофитните организации не плаќаат радиодифузна такса.

**П: По кој основ Агеницијата за вработување ги брише од евиденцијата за невработени лицата коишто обавуваат некоја функција во здруженијата?**

О: Агенцијата за вработување неосновано ги брише од евиденцијата на невработените лица кои обавуваат функција во здружение, поради тоа што сите правни лица ги третира еднакво без разлика дали се регистрирани според Законот за трговски друштва или некој друг закон.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

061.2:340.13(497.7)(049.2)

ЛОНГУРОВА Гирова, Невенка
Заклучоци и препораки од дебатите за Законот за здруженија и фондации / [автори Невенка Лонгурова Гирова, Виолета Ничева, Борис Шарковски]. - Штип : Фондација за развој на локалната заедница, 2011. - 16 стр. : илустр. ; 20 см

ISBN 978-608-65237-3-2
1. Ничева, Виолета [автор] 2. Шарковски, Борис [автор]
а) Здруженија и фондации - Законодавство - Македонија - Дебати
COBISS.MK-ID 89969162

**Проект: Отворен дијалог за Законот за здруженија и фондации**
**Лице за контакт: Невенка Лонгурова Гирова**
**Ул. Сремски фронт бб, Штип**
**Тел./факс: 032 383 116**
**e-mail: nlongurova@sonet.com.mk**
**www.frlz.org.mk**

LOCAL COMMUNITY DEVELOPMENT FOUNDATION

PORTA

CSCD

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондацијата за развој на локалната заедница Штип, Центарот за одржлив развој „Порта“ Струмица, Регионалниот центар за одржлив развој Гевгелија, Центарот за развој на заедницата Кичево и Центарот за одржлив развој на заедницата Дебар и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.